Трговско друштво ... КАБТЕЛ ДООЕЛ Бр. ______ 201__ год. СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Financave

Трговско друштво ... КАБТЕЛ ДООЕЛ Бр. 0307/105 27 10 2023 год. СКОПЈЕ

Архивски број: 03-11825/1
Датум: 18-10-2023

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги –
одржување на информатичка опрема, активна и пасивна мрежа и мобилни апарати
(Дел 4- одржување, техничка и логистичка поддршка на Алкател мрежни преклопници)

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица "Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган; и

2. ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ КАБТЕЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на ул.„Перо Наков“ бр.1 (управна зграда ЖАС, 1ВИ-КАТ) 1000 во Скопје, претставувано од Горан Митрески, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е одржување, техничка и логистичка поддршка на Алкател мрежни преклопници за потребите на Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас број 13714/2023, во се според техничките спицификации (Прилог 1) и прифатената понуда на носителот на набавката (Прилог 2), кои се составен дел на договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Месечниот надоместок за одржување, техничка и логистичка поддршка на Алкател мрежни преклопници изнесува 17.083,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Вкупната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 205.000,00 денари.

Данокот на додадена вредност од став 1 на овој член изнесува 36.900,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност е 241.900,00 денари.

Цените на овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Носителот на набавката е должен со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Услов за потпишување на договорот со носителот на набавката е обезбедување гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го испорачува на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IV. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ

### Член 4

Место за одржување, техничка и логистичка поддршка на предметот на договорот е во просториите на Министерството за финансии на ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје.

Носителот на набавката за оддржување, техничка и логистичка поддршка треба да обезбеди процедура за пријавување и ескалација на проблемите, која ќе биде во согласност со минималните барања од техничките спецификации и Дефинициите на приоритети и максимално дозволено време на одзив.

Пријавувањето на проблеми и комуникацијата кон носителот на набавката ќе се врши преку лица што ќе ги определи договорниот орган.

Договорниот орган, преку лицата вработени кај договорниот орган ќе го пријави на носителот на набавката проблемот или барање за интервенција преку телефакс или e-mail во текот на работното време. Исклучок се случаите со Приоритет 1, кои можат да се пријават веднаш, преку телефон со дополнителна достава на e-mail.

За целокупната работа на носителот на набавка ќе доставува месечни извештаи за извршените услуги до договорниот орган.

## V. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Договорниот орган плаќањето за одржување, техничка и логистичка поддршка ќе го врши на месечно ниво.

Плаќањето за извршените услуги договорниот орган ќе го врши во рок од 30 (триесет) календарски дена сметано од денот на приемот на фактурата за извршените услуги, во писарницата на адресата на Министерството за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје.

Фактурата за извршените услуги треба да биде придружена со работен налог потпишан со цело име и презиме од лицата определени за реализација на договорот од двете договорни страни.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација и своите обврски да ги извршува стручно, навремено и квалитетно на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата и техничките спецификации.

Носителот на набавката треба да обезбеди:

***Техничка поддршка***

Носителот на набавката треба да обезбеди:
- одржување на софтвер/firmware и др. ;
- проверки на состојбата на опремата користејќи алатки за менаџмент како и проверка на логовите;
- оптимизација на перформансите на опремата;

***Логистичка поддршка***

Носителот на набавката треба да обезбеди:
-нарачка на дефектна опрема или резервен дел по пријавата на проблемот;
-испораката на опремата или резервниот дел и ставање во продукција на истиот не треба да трае подолго од 45 денови, од пријавата на проблемот;
-администрација и плаќање на царински и шпедитерски давачки, даноци и други трошоци поврзани со испорака на опремата и резервните делови.

**Одржување**

Носителот на набавката треба да обезбеди:

➢ проактивно решавање на проблемите со ниво на покриеност од 8:00 до 18:00

часот во работни денови;
- превентивни мерки и прегледи на состојбата на опремата и софтверот кои вклучуваат:
- инспекција и визуелен преглед (по потреба) на хардверот за можни проблеми;
- анализа на перформанси и генерални проверки за состојбата на опремата;
- проверка на логови;
- проверка и тест на аларми;
- генерирање dump file-ови од и негова анализа;
- замена на било кој неисправен дел или комплетен уред од опремата во Табела 1;
- носителот на набавката во соработка со вработени од договорниот орган ќе ги врши сите потребни замени на неисправни делови, вклучувајќи ја и нивната физичка инсталација и конфигурација и ќе ја врати претходната функционалност на опремата;
- реализација на барањата од договорниот орган за приклучување нови конекции, конфигурација и воведување функционалности по барање на договорниот орган.

Член 7

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски:

- да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време;
- доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор, веднаш да го информира договорниот орган;
- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметот на договорот, придружувајќи се кон барањата од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на договорот;
- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметот на договорот.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 8

Договорниот орган е должен да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на предметниот договор и за истите писмено да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плаќа на носителот на набавката за извршените услуги во согласност со член 5 од овој договор.

## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 9

Определените лица од Носителот на набавката за реализација на Договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на Договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на Носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 10

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на Договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој Договор од страна на Носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои Договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 11

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на Договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на Договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите

активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган.

Член 12

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 9 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон. Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 13

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, Носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај Договорниот орган.

Член 14

Носителот на набавката по писмено барање на Договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали Носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 15

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој Договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 16

Одредбите од глава VIII од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај Носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## IX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 19

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 20

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 21

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

### Член 22

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 24

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 25

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 26

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 27

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

ТРГОВСКО ДРУШТВО
ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ
КАБТЕЛ ДООЕЛ
СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ
Горан Митрески

Изработил: Петрина Мале
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 633
www.finance.gov.mk

# Прилог кон Договор-Технички спецификации
# Дел 4: одржување, техничка и логистичка поддршка на алкател мрежни преклопници

Предметот на оваа набавка е јавна набавка на услуги – одржување, техничка и логистичка поддршка на Алкател-Луцент мрежни преклопници според долунаведената спецификација на локација на корисникот. Предметот на набавка опфаќа одржување, техничка и логистичка поддршка за период од 12 месеци на постојните „Алкател" мрежни преклопници.

## Одржување на Алкател преклопници

Услуги за хардверско и софтверско одржување, техничка и логистичка поддршка на постоечки Алкател мрежни преклопници (специфицирани во Табела 1), во сопственост на договорниот орган, на локација ул. Даме Груев 12 Скопје, во рок од 12 (дванаесет) месеци.

Следниве услуги се предмет на ова барање:

***Техничка поддршка***

Носителот на набавката треба да обезбеди:

- одржување на софтвер/firmware и др. по потреба и по барање на договорниот орган;
- проверки на состојбата на опремата користејќи алатки за менаџмент како и проверка на логовите;
- оптимизација на перформансите на опремата;

***Логистичка поддршка***

Носителот на набавката треба да обезбеди:

-нарачка на дефектна опрема или резервен дел по пријавата на проблемот. Испораката на опремата или резервниот дел и ставање во продукција на истиот не треба да трае подолго од 45 денови, од пријавата на проблемот;

-администрација и плаќање на царински и шпедитерски давачки, даноци и други трошоци поврзани со испорака на опремата и резервните делови.

## Одржување

Носителот на набавката треба да обезбеди:

- проактивно решавање на проблемите со ниво на покриеност од 8:00 до 18:00 часот во работни денови;
- превентивни мерки и прегледи на состојбата на опремата и софтверот кои

включуваат:

- инспекција и визуелен преглед (по потреба) на хардверот за можни проблеми;
- анализа на перформанси и генерални проверки за состојбата на опремата;
- проверка на логови;
- проверка и тест на аларми;
- генерирање dump file-ови од и негова анализа;
- замена на било кој неисправен дел или комплетен уред од опремата во Табела 1;
- носителот на набавката во соработка со вработени од договорниот орган ќе ги врши сите потребни замени на неисправни делови, вклучувајќи ја и нивната физичка инсталација и конфигурација и ќе ја врати претходната функционалност на опремата;
- реализација на барањата од договорниот орган за приклучување нови конекции, конфигурација и воведување функционалности по барање на договорниот орган.

Табела 1

| Преклопник | Опис | Количина |
|---|---|---|
| Alcatel-Lucent OmniSwitch OS6860-24<br>Продуктен број: 903713-90<br>или еквивалент | – Fixed-configuration chassis in a 1U form factor with 24 10/100/1000 Base-T ports, four fixed SFP+ (1G/10G) ports and two 20G Virtual Chassis link ports<br>– 4 x Gigabit copper transceiver (SFP+), 10GBase-T 10 Gigabit ethernet Transceiver (SFP MSA).<br>– Трите преклопника се врзани во виртуална шасија (Virtual Chassis Stack) | 3 |
| Alcatel-Lucent OmniSwitch OS6450-P24L<br>Продуктен број: 903426-90<br>или еквивалент | – Stackable, Managable Switch with24-port 10/100/1000 Base-T Power over Ethernet (PoE) ports, with two fixed small form factor pluggable (SFP+) 10-G-ready interfaces. | 6 |
| Alcatel-Lucent OmniSwitch OS6450-P48L<br>Продуктен број: 903428-90<br>или еквивалент | – Stackable, Managable Switch with 48-port 10/100/1000 Base-T Power over Ethernet (PoE) ports, with two fixed small form factor pluggable (SFP+) 10-G-ready interfaces. | 10 |

Локацијата на опремата од табела 1 е во објектот на Министерство за финансии, на ул.Даме Груев бр. 12 во Скопје.

Прилог – Образец на понуда за ДЕЛ 4

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии за јавна набавка на услуги – одржување, техничка и логистичка поддршка на Алкател мрежни преклопници со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул.Перо Наков бр. 1 (управна зграда ЖАС, 1-ви кат), 1000 Скопје
- Телефон: 02 3103 230____
- Факс: ____________________________________________
- Е-пошта: margareta.popovic@kabtel.com.mk; (лице регистрирано во ЕСЈН) aleksandar.ivanovski@kabtel.com.mk
- Лице за контакт: Александар Ивановски 072-317-931

I.3. Одговорно лице: Горан Митрески

I.4. Даночен број: MK4030001415159

I.5. Матичен број: 5524237

**Дел 2. ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

2.1. Согласни сме да Ви ја понудиме услугата која е предмет на набавка на услуга – одржување, техничка и логистичка поддршка на системот за безжична мрежа.

Се согласуваме со начинот, местото и рокот за извршување на предметната услуга наведени во тендерската документација.

2.2. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки.

KABTEL 20 years of excellence
+ 389 23103 230 Перо Наков 1, ЖАС I кат, Скопје, РС Македонија info@kabtel.mk www.kabtel.mk

2.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

## Дел 3. ФИНАНСИСКА ПОНУДА

3.1

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Одржување, техничка и логистичка поддршка на „Алкател" мрежни преклопници, согласно наведеното во техничките спецификации | Месечен паушал | 12 | 17.083,33 | 205.000,00 | 36.900,00 |

Напомена: Во вкупната понудена цена за одржување за период од 12 (дванесет) месеци понудувачот треба да ги вклучи трошоците кои ќе ги има за преземање на сите активности на одржување наведени во техничките спецификации.

4. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:

4.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

- општ дел,
- техничка понуда и финансиска понуда

ПРИЛОЗИ

- Изјава за сериозност и
- Изјава за докажување на способноста или документи за докажување на способност.

+ 389 23103 230
Перо Наков 1, ЖАС I кат,
Скопје, РС Македонија
info@kabtel.mk
www.kabtel.mk

Место и датум

Скопје, 03.08.2023 год.

Одговорно лице*

Горан Митрески

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

Digitally signed by MARGARETA POPOVIKJ
Date: 2023.08.03 09:14:54 CEST